## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 07. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4779 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 септември до 1 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 7 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетдневниот период од 22 септември до 1 октомври 2016 година, опфатени се изданијата на радио-дневникот од 16 часот, со вкупна минутажа на мониторираниот примерок од – 2 часа 16 минути и 56 секунди.

Ефективно искористеното новинарско време за актуелни настани и теми од внатрешната политика и од општествениот живот во Република Македонија, на секое поединечно издание од радио-дневникот изнесува во просек околу 10 минути. Главна одлика во работењето на информативната редакција е тоа што актуелната внатрешно-политичка дебата ја следи речиси исклучиво во рамките на државните институции – Собранието и Владата на Република Македонија, со мошне ретки прилози што се однесуваат на поединечни, засебни партиски промотивни активности, односно, доколку и е известено за активноста на некоја политичка партија, таа активност по правило содржински е поврзана со актуелни, реални, тековни политички расправи. Оттаму, основните облици на новинарските вести и извештаи, во периодот на мониторингот, доминантно произлегуваат од расправата во Комисијата за политички систем во однос на извештајот за шестмесечната работа на Специјалното јавно обвинителство, од неможноста да профункционира собраниската работна група за балансирање на гласачкото тело во постојните изборни едници, потоа од расправата на Комисијата за финансирање и буџет во врска со предлогот за проекцијата на државниот буџет за 2017 година, како и од последната собраниска седница отстапена за пратенички прашања.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| | Траење | Процент | |
| Собрание на РМ | 00:05:22 | 3,92 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:15 | 3,10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:18 | 19,21 | % |
| СДСМ | 00:04:06 | 3,00 | % |
| Судство | 00:07:02 | 5,14 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:28 | 1,07 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:28 | 1,81 | % |
| Влада на РМ | 00:22:50 | 16,68 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:18 | 6,07 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:35 | 4,81 | % |
| Други субјекти | 00:15:48 | 11,54 | % |
| Шарена револуција | 00:01:52 | 1,37 | % |
| Специјално обвинителство | 00:07:52 | 5,74 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:38 | 1,93 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:05 | 1,53 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:22 | 0,27 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:39 | 5,59 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:46 | 1,29 | % |
| Без субјекти | 00:00:28 | 0,34 | % |
| Беса | 00:03:01 | 2,20 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:52 | 0,63 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:04 | 0,79 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:02 | 0,75 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:22 | 1,00 | % |
| Привремена комисија | 00:00:19 | 0,23 | % |
| | **Вкупно: 02:16:56** | 100 | % |

Поради широкиот обем општествено-политички области засегнати од работата на СЈО, како институција што е во фокусот на новинарските интереси методолошки издвоени за обработка во периодот на

мониторингот, во радио-дневникот на албански јазик евидентирани се вести во низа поврзани со активностите на „Шарената револуција", потоа со случајот „Трезор", процес поврзан со аферата „Прислушкување", како и со партиските и со експертските реакции по писмото што Зоран Заев, лидерот на опозицискиот СДСМ, го испратил до амбасадите на неколку странски држави во Република Македонија, именувани како - „гарантори на Договорот од Пржино", посебно во приолог на заштита на непречената работа на СЈО.

Редовно, преку вести во низа и преку извештаи, известувано е за текот на судскиот процес „Диво населе", потоа за активностите на претседателот Иванов за време на 71-то Генерално собрание на ООН и за билатералните, македонско-грчки дипломатски средби Попоски/Коѕијас. Информативната редакција на албански јазик ги проследи и активностите на повеќе официјални нивоа од единиците на локалната самоуправа во Западна Македонија, како и почетокот од работата на универзитетот „Мајка Тереза". Поголемата минутажа за ставката – „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари", содржински е поврзана со работата на Парламентарното собрание на ОБСЕ одржано во Скопје, потоа со работата/инвестициите на меѓународни организации во подобрување на социјалните услови и на административното функционирање на некои делови од локалната самоуправа (*УСАИД во с. Студеничане*), како и со културно-уметнички активности во прилог на Меѓународниот ден на културното наследство.

Значително информативно време е отстапено за активностите на т.н. „други субјекти", во кои се опфатени: поединечни изјави на адвокати за тековни судски процеси, потоа активности на Адвокатската комора на РМ, уметници, организатори на фестивали, учесници на меѓународни конференции, професори/наставници, и доктори по медицина.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| | Траење | Процент | |
| СДСМ | 00:01:13 | 6,66 | % |
| Влада на РМ | 00:03:30 | 19,16 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:42 | 9,31 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:46 | 9,67 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:56 | 10,58 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:52 | 4,74 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:31 | 8,30 | % |
| Беса | 00:00:37 | 3,38 | % |
| Други субјекти | 00:01:40 | 9,12 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:33 | 8,49 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:34 | 3,10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:17 | 1,55 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:38 | 3,47 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:27 | 2,46 | % |
| | **Вкупно: 00:18:16** | 100 | % |

***Сектор за програмски работи***